ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
БР. 08-975/1
11-09-2023 год.
БИТОЛА

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 70 од Статутот на општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), а врз основа на Заклучокот на Советот на општина Битола, донесен на 23.01.2023, Градоначалникот на општина Битола, објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

за пријавување на заинтересирани лица за членување во Совет за поддршка на женското претприемништво на општина Битола

## 1. Опис на јавниот повик

Цел на Советот за поддршка на женското претприемништво на општина Битола е да ги претставува и застапува интересите на актуелните и потенцијални жени претприемачки во општина Битола преку давање на мислења и препораки за прашања од интерес на женското претприемништво и родовата рамноправност, креирање на планови, стратегии и политики за поддршка на жените претприемачки и економско зајакнување на жените.

## 2. Цели и задачи на Советот за поддршка на женско претприемништво

Советот за поддршка на женското претприемништво на општина Битола ќе има за цел:

- да креира програми
- да создава можности за финансиска поддршка на жените претприемачки, како и
- да креира стимулативни програми за започнување на нови бизниси на жените кои имаат желба да започнат своја претприемачка приказна за економско зајакнување.

Советот за поддршка на женското претприемништво на општина Битола го сочинуваат најмалку 15 членови. Членовите на Советот избираат претседавач и двајца заменици од нивниот состав.
Работата на Советот за поддршка на женското претприемништво на општина Битола е јавна.
Учеството на Советот за поддршка на женското претприемништво на општина Битола е на доброволна основа.
За работата и учеството во Советот за поддршка на женското претприемништво на општина Битола не следува надомест.

## 3. Право на учество на јавниот повик

На Јавниот повик може да учествуваат сите заинтересирани физички лица, претставници од бизнис сектор, претставници од образовен сектор, претставници од невладини организации, здруженија на граѓани и граѓански активисти кои работат во областа на на женските права, родова еднаквост и економско зајакнување на жените.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 332 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

4. **Начин на пријавување**

Заинтересираните кандидати можат да се пријават со доставување на своја биографија и мотивационо писмо до архивата на општина Битола на ул. Булевар 1 ви Мај бр.61, секој работен ден од 07:30 до 15:30 или на електронската адреса на Координаторот за еднакви можности меѓу жените и мажите во општина Битола на следната емаил адреса: hristovskav@bitola.gov.mk.

5. **Рок за пријавување**

Огласот за пријавување трае 30 дена од денот на објавување на веб страната на општина Битола, сметано од 11.09.2023 година.
Лицата чии апликации ќе бидат прифатени да бидат дел од Советот за поддршка на женското претприемништво на општина Битола ќе бидат известени во писмена форма.

**Лице за контакт**
**Викторија Христовска**
**hristovskav@bitola.gov.mk**

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА БИТОЛА
ТОНИ КОЊАНОВСКИ